# ГЛАСИЛО
# GAZETË

ДЕКЕМВРИ 2019
DHJETOR 2019



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **-ЗЕЛС**

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT **-BNJVL**



Почитувани,

ЗЕЛС реализира бројни активности во месец декември, меѓу кои беше и одржувањето на петтата седница на Генералното собрание, највисокото тело на Заедницата. Делегатите усвоија значајни документи за работењето на ЗЕЛС за следната година: Акцискиот план и Буџетот на ЗЕЛС за 2020 година, а беа усвоени и одредени измени на Статутот на ЗЕЛС. Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, ги информираше делегатите до каде е реализацијата на новиот предлог- концепт на ЗЕЛС за унапредување на системот на локалната власт во нашата земја. Тој потенцираше дека генералната заложба на ЗЕЛС е да се продлабочи процесот на децентрализацијата, но префрлањето на нови надлежности задолжително да биде проследено со адекватни финансиски средства за нивна реализација. Шилегов апелираше до присутните и за поголема активност на општините во собирањето на сопствените приходи, особено на данокот на имот.

Во овој месец, во Скопје, претставници од македонските и европските локални власти, делегати на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европска Унија (ЗКК) дискутираа за улогата на локалната власт во заложбите на нашата земја за добивање на кандидатски статус за влез во Европската Унија, како и за предизвиците во локалниот економски развој. Потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу, истакна дека за неполни шест месеци од последниот состанок што ЗКК го одржа во Брисел, во нашата земја се покренати суштински активности за продлабочување на процесот на децентрализацијата на власта.

Во текот на овој месец, ЗЕЛС реализираше и низа обуки за зајакнување на капацитетите на општинската администрација. На околу четириесетина претставници од Мрежата за управување со човечки ресурси при ЗЕЛС, им беа доделени сертификати за учество на обуки за спроведување на функционална анализа во општината. Повеќе обуки беа одржани и за членовите на Мрежата за животна средина при ЗЕЛС, но и за претставниците од локалната власт од ИТ секторот. На барање на општините, чии повеќегодишни стратегиски планови за локален економски развој се во фаза на истекување, во ЗЕЛС тренинг центарот беше организирана обука за членовите на Мрежата за локален економски развој за подготвување на овој стратегиски документ. Во ЗЕЛС тренинг центарот беше одржана прелиминарна обука и за петнаесетчлениот тим на градот, кој треба да го спроведе процесот на ресертификација на оваа единица на локалната власт за задржување на БФЦ ЈИЕ сертификатот, што ќе започне од јануари, 2020 година.

Беше одржана и работна средба на членовите на тематската работна група за родова еднаквост, кои во работниот дел „ Како да се унапреди работата на Комисиите за еднакви можности (КЕМ) во локалната власт?" побараа поголема поддршка на советниците за обезбедување на родово одговорни општински политики и програми. За овие и за други информации подетално ќе се информирате од содржината на овој број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

BNJVL-ja realizoi aktivitete të shumta në muajin dhjetor, ndër të cilat ishte edhe mbajtja e seancës së pestë të Kuvendit gjeneral, trupi më i lartë i Bashkësisë. Delegatët miratuan dokumente të rëndësishme për operimin e BNJVL-së për vitin e ardhshëm: Plani aksionar dhe Buxheti i BNJVL-së për vitin 2020, ndërsa u miratuan edhe ndryshime të caktuara të Statutit të BNJVL-së. Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov informoi delegatët për atë se deri ku është realizimi i propozim-konceptit të ri të BNJVL-së për avancimin e sistemit të pushtetit lokal në vendin tonë. Ai theksoi se zotimi gjeneral i BNJVL-së është thellimi i procesit të decentralizimit, por transferimi i kompetencave të reja të shoqërohet me mjete adekuate financiare për realizimin e tyre. Shilegov u bëri apel të pranishmëve duke theksuar se komunat duhet të jenë më aktive në grumbullimin e të ardhurave vetanake, sidomos të tatimit të pronës.

Në këtë muaj, në Shkup, përfaqësues nga autoritetet lokale të Maqedonisë dhe të Evropës, delegatë të Komitetit të Përbashkët Konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK) diskutuan për rolin e pushtetit lokal në zotimet e vendit tonë për të marrë statusin e kandidatit për të hyrë në Bashkimin Evropian, si dhe për sfidat në zhvillimin ekonomik lokal. Nënkryetari i BNJVL-së, Visar Ganiu theksoi se për më pak se gjashtë muaj nga takimi i fundit që e mbajti Komiteti i Përbashkët Konsultativ në Bruksel, në vendin tonë janë iniciuar aktivitete thelbësore për thellimin e procesit të decentralizimit të pushtetit.

Gjatë këtij muaji, BNJVL-ja realizoi edhe një sërë trajnimesh për të përforcuar kapacitetet e administratës komunale. Rreth dyzet përfaqësuesish të Rrjetit të menaxhimit të resurseve njerëzore të BNJVL-së morën certifikata për pjesëmarrjen e tyre në trajnime për zbatimin e analizës funksionale në komunë. Më shumë trajnime u mbajtën edhe për anëtarët e Rrjetit të mjedisit jetësor të BNJVL-së, por edhe për përfaqësuesit e pushtetit lokal të sektorit të TI-së. Me kërkesë të komunave, planet strategjike shumëvjeçare të të cilave për zhvillimin ekonomik lokal janë në fazë të skadimit, në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së u organizua trajnim për anëtarët e Rrjetit të zhvillimit ekonomik lokal për përgatitjen e këtij dokumenti strategjik. Në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së u mbajt trajnim preliminar edhe për ekipin pesëmbëdhjetë anëtarësh të qytetit, i cili duhet të zbatojë procesin e ricertifikimit të kësaj njësie të pushtetit lokal për mbajtjen e certifikatës BFC EJL, që do të fillojë nga janari i vitit 2020.

U mbajt edhe një takim pune i anëtarëve të grupit tematik punues për barazi gjinore, të cilët në pjesën e punës "Si të avancohet puna e Komisioneve të mundësive të barabarta (KMB) në pushtetin lokal?" kërkuan një mbështetje më të madhe të këshilltarëve për t'u siguruar politika dhe programe të përgjegjshme gjinore komunale. Për këto dhe për informacione të tjera mund të informoheni më hollësisht nga përmbajtja e këtij numri të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

# НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ГИ УСВОИ: ПРЕДЛОГ -АКЦИСКИОТ ПЛАН И ПРЕДЛОГ –БУЏЕТОТ НА ЗЕЛС ЗА 2020 ГОДИНА

Надзорниот одбор на ЗЕЛС на 5 декември, 2019 година, во хотелот „ Александар Палас" ја одржа петтата седница. Членовите на ова тело дискутираа по Предлог-акцискиот план и Предлог–буџетот на ЗЕЛС за 2020 година. За следната година, Буџетот на ЗЕЛС е димензиониран на 26,249,000 денари и е приближно сличен на минатогодишниот. Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ја образложи структурата на приходите и на расходите за 2020 година, според предвидени активности за следната година и информираше за наплатата на членарината на општините кон ЗЕЛС. Таа посочи дека во 2019 година наплатата на старите долгови од членарина кон ЗЕЛС е значително зголемена, каде голема придонес има доделувањето на неповратните средства за враќање на долговите, што во септември 2018 година Владата им ги префрли на општините. Редовната наплата на членарината за 2019 година е реализирана во висина од околу 50% од предвидените средства. Беше посочено дека најголемиот процент од средства со кои располага ЗЕЛС доаѓаат од членарината што ја плаќаат општините, а мал дел се предвидени средства од соработката што ја има ЗЕЛС со донаторските организации во земјава, за спроведување на одредени активности за локалните власти.

Во делот на расходната страна, значителна ставка се однесува на потребата за непречено одржување на функционирањето на информациските системи, како и набавка на нов лифт за административната зграда на ЗЕЛС, кој подолг период не е функционален и не може да ги задоволи утврдените прописи за пристап на лицата со посебни потреби.

Според Акцискиот план, ЗЕЛС и следната година ќе се фокусира на активности за остварување на утврдените стратегиски цели. Особено се утврдени активности за реализација на нејзината основна цел -лобирање за подобрување на системот на локална самоуправа во земјава, што претставува и најважната обврска во работењето на органите и телата на ЗЕЛС: Генерално собрание, Управен одбор, Комитетот на советите, Надзорен одбор, комисиите на

# BORDI MBIKËQYRËS I BNJVL-së MIRATOI PROJEKT - PLANIN AKSIONAR DHE PROJEKT - BUXHETIN E BNJVL-së PËR VITIN 2020

Bordi mbikëqyrës i BNJVL-së mbajti seancën e pestë më 05 dhjetor 2019, në hotelin "Aleksandar Palas". Anëtarët e këtij trupi diskutuan për Projekt – planin aksionar dhe Projekt – buxhetin e BNJVL-së për vitin 2020. Për vitin e ardhshëm, Buxheti i BNJVL-së është projektuar të jetë 26.249.000 denarë dhe është përafërsisht i ngjashëm me atë të vitit të kaluar. Drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq shpjegoi strukturën e të ardhurave dhe të dalave për vitin 2020, sipas aktiviteteve të parapara për vitin e ardhshëm dhe informoi për arkëtimin e mjeteve të anëtarësisë së komunave ndaj BNJVL-së. Ajo theksoi se në vitin 2019, pagesa e borxheve të vjetra për anëtarësi ndaj BNJVL-së është rritur në mënyrë të konsiderueshme, ku kontribut të madh ka dhënia e mjeteve të pakthyeshme për shlyerjen e borxheve, të cilat Qeveria ua transferoi komunave në shtator të vitit 2018. Arkëtimi i rregullt i mjeteve të anëtarësisë për vitin 2019 është realizuar në lartësi prej rreth 50% të mjeteve të parapara. U theksua se përqindja më e madhe e mjeteve të cilat i ka në dispozicion BNJVL-ja vijnë nga anëtarësia që e paguajnë komunat, ndërsa një pjesë e vogël e mjeteve të parapara janë nga bashkëpunimi që e ka BNJVL-ja me organizatat e donatorëve në vend, për realizimin e aktiviteteve të caktuara për autoritetet lokale.

Sa i përket të dalave, një pjesë e konsiderueshme ka të bëjë me nevojën për mirëmbajtjen e pandërprerë të funksionimit të sistemeve të informacioneve, si dhe për blerjen e një ashensori të ri për ndërtesën administrative të BNJVL-së, i cili për një kohë të gjatë nuk është në funksion dhe nuk mund t'i përmbushë rregullat e përcaktuara për qasje të personave me aftësi të kufizuara.

Sipas Planit aksionar, BNJVL-ja edhe vitin e ardhshëm do t'u fokusohet aktiviteteve për t'i realizuar qëllimet e përcaktuara strategjike. Sidomos janë përcaktuar aktivitete për realizimin e qëllimit të saj themelor – lobim për përmirësim të sistemit të vetëqeverisjes lokale në vend, që është edhe obligimi më i rëndësishëm në punën e organeve dhe trupave të BNJVL-së: Kuvendi gjeneral, Bordi drejtues, Komiteti i këshillave, Bordi mbikëqyrës, komisionet e kryetarëve të komunave



градоначалниците и мрежите на ЗЕЛС, составени од стручни лица од општинската администрација. Се организираат седници, средби, тркалезни маси, работилници, советувања, состаноци, се собираат мислења, се преговара со централната власт за заложбите на локалните власти за подобрување на процесот на децентрализација и поквалитетно спроведување на надлежностите. Во следната година ќе се креира и нов Стратешки план на ЗЕЛС за периодот 2021-2025 година.

Активностите за реализација на втората стратегиска цел се однесуваат на јакнење на капацитетите на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот и за поддршка и одржувањето на електронските системи со кои располага ЗЕЛС во името на сите општини,поточно активностите утврдени со Планот се насочени кон обезбедување на стручните обуки за општинската администрација, како и електронските услуги што ги користат сите општини, како што се системите за: располагање со државно градежно земјиште; издавање на одобрение за градење; располагање со ствари во општинска сопственост; системот за родово буџетирање; системот за регистар на модератори за форуми во заедниците. Сите овие електронски системи се одржуваат и се обновуваат од страна на ЗЕЛС. Исто така, општините во континуитет добиваат информации кои се од значење за нивното работење, но навремено се информираат и за сите активности што ги презема ЗЕЛС и тоа преку електронска пошта, преку порталот на ЗЕЛС www.zels.org.mk и преку Гласилото на ЗЕЛС кое претставува месечен информатор на Заедницата.

dhe rrjetet e BNJVL-së që përbëhen nga ekspertë nga administrata komunale. Organizohen seanca, takime, tryeza të rrumbullakëta, punëtori, këshillime, mbledhje, mblidhen mendime, negociohet me pushtetin qendror për zotimet e autoriteteve lokale për përmirësim të procesit të decentralizimit dhe zbatim më cilësor të kompetencave. Në vitin e ardhshëm do të krijohet edhe Plani i ri strategjik i BNJVL-së për periudhën e viteve 2020 – 2025.

Aktivitetet për realizimin e qëllimit të dytë strategjik kanë të bëjnë me forcimin e kapaciteteve të administratës komunale përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së dhe për mbështetjen dhe mirëmbajtjen e sistemeve elektronike që i ka në dispozicion BNJVL-ja në emër të të gjitha komunave. Më saktësisht, aktivitetet e përcaktuara me Plan kanë për qëllim të sigurojnë trajnimet profesionale për administratën komunale, si dhe shërbimet elektronike që i përdorin të gjitha komunat, siç janë sistemet për: menaxhim të tokës ndërtimore shtetërore; lëshim të lejes së ndërtimit; menaxhim të sendeve që janë në pronësi të komunës; sistemi për buxhetim gjinor; sistemi për regjistrin e moderatorëve për forumet në bashkësi. Të gjitha këto sisteme elektronike mirëmbahen dhe azhurnohen nga ana e BNJVL-së. Gjithashtu, komunat në vazhdimësi marrin informacione që janë të rëndësishme për punën e tyre, por informohen me kohë edhe për të gjitha aktivitetet që i ndërmerr BNJVL-ja edhe atë përmes postës elektronike, përmes portalit të BNJVL-së www.zels.org.mk dhe përmes Gazetës së BNJVL-së, e cila është informator mujor i Bashkësisë.

## ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ СЕ ЗАПОЗНА СО ПРОЦЕСОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВИОТ ПРЕДЛОГ-КОНЦЕПТ НА ЗЕЛС ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

-„Во изминативе пет месеци повлековме една лавина на идеи, иницијативи, ставови за промени во системот на локалната власт. Ако продолжиме со ова темпо веруваm дека во следните две години, до завршувањето на нашиот мандат, ќе обезбедиме финансиски стабилни единици на локалната власт; продлабочена децентрализација и одлични организациони општински услови за спроведувањето на надлежностите на локално ниво. Сето ова се случува по средбата што Управниот одбор на ЗЕЛС во месец јуни ја имаше со Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, од каде добивме големо охрабрување и поддршка за фазно пренесување на надлежности од централно на локално ниво, во областите каде ќе биде оценето дека тоа е можно и потребно. Формиравме мешовито работно тело на претставници од локалната и од централната власт и ЗЕЛС многу брзо излезе со предлог–концепт, што оди во три насоки: фискалната децентрализација; проширувањето на надлежностите на ЕЛС и промени во организацијата на локалната власт." Ова беше дел од обраќањето на претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на петтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, што се одржа на 5 декември, 2019 година, во хотелот „Александар Палас" во Скопје, во кое тој ги информираше градоначалниците и членовите на Комитетот на советите на ЗЕЛС, до каде е реализацијата на новиот предлог-концепт на ЗЕЛС за унапредување на системот на локалната власт во нашата земја.

## KUVENDI GJENERAL I BNJVL-SË INFORMOHET PËR PROCESIN E REALIZIMIT TË PROPOZIM-KONCEPTIT TË RI TË BNJVL-SË PËR AVANCIMIN E SISTEMIT TË PUSHTETIT LOKAL

"Në pesë muajt e kaluar kemi iniciuar shumë ide, iniciativa, qëndrime për ndryshime në sistemin e pushtetit lokal. Nëse vazhdojmë me këtë ritëm, besoj se në dy vitet e ardhshme, deri në përfundimin e mandatit tonë, do të sigurojmë njësi financiarisht të qëndrueshme të pushtetit lokal; decentralizim të thelluar dhe kushte të shkëlqyeshme organizative komunale për zbatimin e kompetencave në nivel lokal. Të gjitha këto gjëra ndodhin pas takimit të cilin e pati Bordi drejtues i BNJVL-së në muajin qershor me Kryetarin e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Zoran Zaev, në të cilin morëm një inkurajim të madh dhe mbështetje për transferim në faza të kompetencave nga niveli qendror në atë lokal, në sferat në të cilat do të vlerësohet se ajo gjë është e mundshme dhe e nevojshme. Formuam një trup të përzier pune që përbëhet nga përfaqësues të pushtetit lokal dhe qendror dhe BNJVL-ja shumë shpejt doli me një propozim-koncept që shkon në tri drejtime: decentralizimi fiskal, zgjerimi i kompetencave të NJVL-ve dhe ndryshime në organizimin e pushtetit lokal". Kjo ishte pjesë e fjalimit të kryetarit të BNJVL-së, Petre Shilegov në seancën e pestë të Kuvendit gjeneral të BNJVL-së, që u mbajt më 05 dhjetor 2019, në hotelin "Aleksandar Palas" në Shkup, në të cilën ai informoi kryetarët e komunave dhe anëtarët e Komitetit të këshillave të BNJVL-së se deri ku është realizimi i propozim-konceptit të ri të BNJVL-së për avancimin e sistemit të pushtetit lokal në vendin tonë.



На седницата, на делегатите на Собранието им се обрати и заменик министерот за локална самоуправа, Дејан Павлески, кој зборуваше за партнерскиот однос на локалната и централната власт во градењето и спроведувањето на политиките за унапредување на процесот на децентрализацијата во земјата, за инвестициите во општините, како и за приоритетите на МЛС за надминување на диспаритетите помеѓу урбаните и руралните средини.

## Усвоени измени во Статутот на ЗЕЛС

Делегатите на ова највисокото тело на ЗЕЛС беа информирани и за најзначајните документи од работењето на Заедницата за следната година: Акцискиот план и Буџетот на ЗЕЛС за 2020 година и истите ги усвоија. Беа усвоени и одредени измени на Статутот на ЗЕЛС, кои се однесуваа на усогласување на актите на ЗЕЛС со Законот за здруженија и фондации, како и усогласување со уставните измени на името на нашата земја. Во измените на Статутот утврдена е и постапката за распределба на имотот на ЗЕЛС во случај на престанување на неговото работење, а утврдена е и можност за спроведување на електронски седници на Генералното собрание и на Управниот одбор на ЗЕЛС, во согласност со заложбите на Заедницата за давање предност на електронските услуги.

Генералното собрание го изгласа Бесим Мемеди, актуелен претседател на Советот на Општина Гостивар, за нов член од Полошкиот плански регион во Комитетот на советите при ЗЕЛС. Промените беа направени поради повлекувањето од оваа функција на досегашниот член на ова тело, Насир Муслиу, кој до неодамна беше претседател на Советот на Општина Гостивар.

## Обезбедување на соодветни финансиски средства за реализација на надлежностите- генерална заложба на ЗЕЛС

Во својот говор пред делегатите на Генералното собрание на ЗЕЛС, претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов потенцираше дека

Në seancë, delegatëve të Kuvendit iu drejtua edhe Zëvendës-ministri i Vetëqeverisjes Lokale, Dejan Pavleski, i cili foli për marrëdhëniet e partneritetit midis pushtetit lokal dhe atij qendror në ndërtimin dhe zbatimin e politikave të avancimit të procesit të decentralizimit në vend, për investimet në komuna, si dhe për prioritetet e Ministrisë së Vetëqeverisjes Lokale për tejkalimin e dallimeve midis mjediseve urbane dhe rurale.

## U miratuan ndryshimet e Statutit të BNJVL-së

Delegatët e këtij trupi më të lartë të BNJVL-së u informuan edhe për dokumentet më të rëndësishme të punës së Bashkësisë për vitin e ardhshëm: Plani aksionar dhe Buxheti i BNJVL-së për vitin 2020 dhe i miratuan të njëjtat. U miratuan edhe ndryshime të caktuara të Statutit të BNJVL-së që kishin të bënin me harmonizimin e akteve të BNJVL-së me Ligjin për shoqatat dhe fondacionet, si dhe harmonizimin me ndryshimet kushtetuese të emrit të vendit tonë. Në ndryshimet e Statutit është përcaktuar edhe procedura për shpërndarjen e pronës së BNJVL-së në rast të ndërprerjes së punës së saj, ndërsa është përcaktuar edhe mundësia për zbatimin e seancave elektronike të Kuvendit gjeneral dhe të Bordit drejtues të BNJVL-së, në përputhje me zotimet e Bashkësisë për prioritizimin e shërbimeve elektronike.

Kuvendi gjeneral votoi Besim Memedin, kryetarin aktual të Këshillit të Komunës së Gostivarit, për anëtar të ri nga Rajoni planifikues i Pollogut të Komitetit të këshillave të BNJVL-së. Ndryshimet u bënë për shkak të tërheqjes nga ky funksion të anëtarit të deritanishëm të këtij trupi, Nasir Musliu, i cili deri pak kohë më parë ishte kryetar i Këshillit të Komunës së Gostivarit.

## Sigurimi i mjeteve adekuate financiare për realizimin e kompetencave – zotim gjeneral i BNJVL-së

Në fjalimin e tij para delegatëve të Kuvendit gjeneral të BNJVL-së, kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov theksoi se zotimi gjeneral





генералната заложба на ЗЕЛС е да се продлабочи процесот на децентрализацијата на власта и да се обезбеди префрлање на нови надлежности. За спроведување на квалитетен процес, ЗЕЛС бара првенствено да се обезбедат доволно средства за извршување на постојните надлежности, а потоа да следи префрлувањето на нови, кои задолжително треба да бидат проследени со адекватни финансиски средства за нивна реализација. Потоа, Шилегов накратко презентираше до каде е процесот на реализација на новиот предлог- концепт на ЗЕЛС, кој е утврден во три насоки: фискалната децентрализација; проширувањето на надлежностите на ЕЛС и промени во организацијата на локалната власт."

-„Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство веќе прифати на локално ниво да префрли дел од своите надлежностите, како што е правото на управување со земјоделското земјиште, шумите и пасиштата. Дури ова Министерство понуди и свои дополнителни предлози. Во областа на културата, направени се анализи за префрлање на општините на повеќе национални културни установи. Во однос на барањето за создавање на општинска комунална полиција, Министерството за внатрешни работи изнесе одредени забелешки – „за" и „против", а слични се ставовите и по барањето за пренесување на дел од управните работи на МВР и Управата за водење на матични книги", рече Шилегов. Тој посочи дека општините најмногу се залагаат за преземање на надлежности од центрите за социјална работа, за што Министерството за труд и социјална политика бара да се почека, односно првенствено да „заживее" имплементирањето на новиот Закон за социјална заштита, па потоа да се пристапи кон префрлање на одредени надлежности.

Во делот на фискалната децентрализација предлозите на ЗЕЛС се во насока на зголемување на зафаќањето од ДДВ од сегашните 4,5% на 10%, во полза на општините и зафаќањето од сегашните 3% на 50% од персоналниот данок на доход. Потоа, дел од приходите од Законот за игри на среќа и забавни автомати да биде приход на единиците на локалната власт (ЕЛС); стапката на данок на имот етапно да ја зголемуваат општините; да се интегрираат капиталните дотации во една. Понатаму, предложено е да се воспостави систем за финансиско воедначување за помош на ЕЛС со недоволно финансиски и даночни потенцијали; овозможување на подобар пристап за задолжување на општините на домашниот и меѓународниот пазар на капитал; основање на Фонд за локален развој и друго. Третата област се однесува на промените во организацијата на локалната власт, каде треба да се разгледаат можностите за напуштање на монотипниот вид на ЕЛС и востановување

i BNJVL-së është të thellohet procesi i decentralizimit të pushtetit dhe të sigurohet transferimi i kompetencave të reja. Për të zbatuar një proces cilësor, BNJVL-ja kërkon fillimisht të sigurohen mjete të mjaftueshme për zbatimin e kompetencave ekzistuese, e pastaj të vijojë transferimi i kompetencave të reja, të cilat domosdoshmërish duhet të shoqërohen me mjete adekuate financiare për realizimin e tyre. Pastaj Shilegov prezantoi shkurtimisht se deri ku është procesi i realizimit të propozim – konceptit të ri të BNJVL-së, i cili është përcaktuar në tri drejtime: decentralizimi fiskal, zgjerimi i kompetencave të NJVL-ve dhe ndryshime në organizimin e pushtetit lokal.

- "Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave tashmë pranoi të transferonte në nivel lokal një pjesë të kompetencave të saja, siç është e drejta e menaxhimit të tokës bujqësore, pyjeve dhe kullotave. Madje kjo ministri ofroi edhe propozimet e saja shtesë. Në sferën e kulturës, janë bërë analiza për t'u transferuar komunave më shumë institucione nacionale kulturore. Lidhur me kërkesën për krijimin e një policie komunale të komunës, Ministria e Punëve të Brendshme dha vërejtje të caktuara – "për" dhe "kundër", ndërsa të ngjashme janë qëndrimet edhe për kërkesën për transferim të një pjese të punëve administrative të MPB-së dhe Drejtorisë për mbajtje të librave amë", tha Shilegov. Ai theksoi se komunat zotohen më së shumti për ndërmarrjen e kompetencave nga qendrat e punës sociale, për të cilën gjë Ministria e Punës dhe Politikës Sociale kërkon të pritet, gjegjësisht së pari të "ringjallet" implementimi i Ligjit të ri për punën sociale, e pastaj t'i qaset transferimit të kompetencave të caktuara.

Në pjesën e decentralizimit fiskal, propozimet e BNJVL-së janë në drejtim të rritjes së përfshirjes së TVSH-së nga 4.5% sa është aktualisht në 10% në favor të komunave dhe përfshirjes së tatimit të të ardhurave personale nga 3% sa është aktualisht në 50%. Pastaj një pjesë e të ardhurave të Ligjit për lojërat e fatit dhe automatet argëtuese të jenë të ardhura të njësive të pushtetit lokal (NJVL); komunat të rrisin gradualisht shkallën e tatimit të pronës; të integrohen dotacionet kapitale në një dotacion. Pastaj, është propozuar të vendoset sistem për barazim financiar për të ndihmuar NJVL-të me potenciale të pamjaftueshme financiare dhe tatimore; mundësimi i një qasjeje më të mirë për huamarrje të komunave në tregun vendas dhe ndërkombëtar të kapitalit; themelimi i një Fondi të zhvillimit lokal etj. Sfera e tretë ke të bëjë me ndryshimet në organizimin e pushtetit lokal, ku duhet të shqyrtohen mundësitë për lëshimin e llojit monotip të NJVL-ve dhe vendosja e llojit politip të



на политипен вид на ЕЛС, со различни надлежности (изборни и задолжителни) во зависност од големината, економската моќ и изградените потенцијали на општината; потоа преиспитување на правниот статус на урбаните и на месните заедници и нивните надлежности што веќе се дискутира во текот на преговорите во работната група. Во оваа област влегува и иницијативата за избегнување на паралелните надлежности на Град Скопје и општините во него, промени во составот на Советот на општината и слично. За овој дел потребна е поопсежна анализа и дискусија.

## Потребна поголема активност на општините во собирањето на сопствените приходи, особено на данокот на имот

Претседателот на ЗЕЛС изнесе и одредени самокритични оценки во поглед на управувањето на локалните власти со децентрализираните надлежности. Тој посочи дека ЗЕЛС добива постојани критики од Владата за ниските степен на собирање на сопствените приходи, особено за данокот на имот. –„Имаме општини кои собираат 20% -30% од овие приходи, па и помалку. Тоа во следниот период треба да го поправиме, треба да работиме на подигање на свеста кај граѓаните зошто се плаќа овој данок, треба да ја ревидираме базата на податоци и да направиме репорценка на даночната основица според поновата методологија"- нагласи Шилегов. Тој посочи и на други „застои" што се случуваат во општините, како што се триесетина општини кои сѐ уште не управуваат со државното градежно неизградено земјиште. Шилегов говореше за уште попосветено работење од страна на општините и во однос на доставувањето на мислење и ставови за сите предлог -закони што ги доставува Владата до ЗЕЛС. – „ Неодамна ЗЕЛС ви го достави предлогот за нов Закон за бесправно изградени објекти, што ние го иницираме. ЗЕЛС го испрати до сите општини на мислење и добиваме повратни одговори од само пет општини. Станува збор за нешто што длабоко не тангира сите, без исклучок и каде треба да донесеме и да настапиме со заедничка одлука. Тоа зборува како се однесуваме кон самите себе", потенцираше Шилегов .

## Упатени остри забелешки до централната власт за непочитување на обврската за задолжително доставување на сите предлог-законски решенија до ЗЕЛС

Во своето обраќање претседателот на ЗЕЛС изрази и остри забелешки и незадоволство од непочитувањето на обврската на Владата и на министерствата за задолжително доставување до ЗЕЛС на сите предлог–законски решенија и законски промени што ги преземаат, а кои имаат допирни точки со

NJVL-ve, me kompetenca të ndryshme (zgjedhore dhe të domosdoshme) varësisht nga madhësia, fuqia ekonomike dhe potencialet e ndërtuara të komunës; pastaj rishqyrtimi i statusit juridik të bashkësive urbane dhe vendore dhe kompetencat e tyre që tashmë diskutohet gjatë negociatave në grupin e punës. Në këtë sferë hyn edhe iniciativa për shmangien e kompetencave paralele të Qytetit të Shkupit dhe komunave në kuadër të tij, ndryshime në përbërjen e Këshillit të komunës etj. Për këtë pjesë nevojitet analizë dhe diskutim më të gjerë.

## Nevojitet aktivitet më i madh i komunave për mbledhjen e të ardhurave vetanake, sidomos të tatimit të pronës

Kryetari i BNJVL-së dha edhe vlerësime të caktuara vetëkritike në raport me menaxhimin e autoriteteve lokale me kompetencat e decentralizuara. Ai theksoi se BNJVL-ja merr kritika të vazhdueshme nga Qeveria për shkallën e ulët të mbledhjes së të ardhurave vetanake, sidomos për tatimin e pronës. – "Kemi komuna të cilat mbledhin 20% - 30% të këtyre të ardhurave, e ndoshta më pak. Duhet ta përmirësojmë këtë gjë në periudhën e ardhshme, duhet të punojmë për ta ngritur vetëdijen e qytetarëve se pse paguhet ky tatim, duhet ta rishqyrtojmë bazën e të dhënave dhe të bëjmë rivlerësim të bazës tatimore sipas metodologjisë më të re" – theksoi Shilegov. Ai theksoi edhe "ngecje" të tjera që ndodhin në komunat, siç janë tridhjetë komuna të cilat ende nuk menaxhojnë me tokën e pandërtuar shtetërore ndërtimore. Shilegov foli për një punë edhe më të përkushtuar nga ana e komunave edhe lidhur me dërgimin e mendimeve dhe qëndrimeve për të gjitha projekt-ligjet që i dërgon Qeveria në BNJVL. – "Para pak kohe, BNJVL-ja jua dërgoi propozimin e Ligjit të ri për objektet e ndërtuara në mënyrë të paligjshme, të cilin e iniciuam ne. BNJVL-ja e dërgoi atë deri te të gjitha komunat për mendim dhe morëm përgjigje kthyese vetëm nga pesë komuna. Bëhet fjalë për diçka që na prek shumë të gjithë neve, pa përjashtim dhe ku duhet të veprojmë dhe të marrim një vendim të përbashkët. Kjo flet se si sillemi ndaj vetvetes", theksoi Shilegov.

## U drejtuan vërejtje të ashpra për pushtetin qendror për mosrespektimin e obligimit për dërgimin e domosdoshëm të të gjitha projekt-ligjeve në BNJVL

Në fjalimin e tij, kryetari i BNJVL-së shprehu edhe vërejtje të ashpra dhe pakënaqësi për mosrespektimin e obligimit të Qeverisë dhe të ministrive për dërgimin e domosdoshëm në BNJVL të të gjitha projekt-ligjeve dhe ndryshimeve ligjore që i ndërmarrin, e të cilat kanë



извршувањето на надлежностите на локалната власт. Посочи и конкретни примери, како што беше предлогот за донесување на Законот за основно образование, потоа неодамна предлогот за донесување на Законот за градежно земјиште, како и методологијата за блок –дотациите во областа на градинките, кога истата прво влезе во владина процедура, а дури потоа беше доставена на разгледување пред Комисијата за следење на системот за финансирање на локалната самоуправа.

-„ Дури имаме и случаи кога централната власт презема и некои можеби полезни чекори за нас, а повторно ние не сме ни консултирани, ниту пак ЗЕЛС е адекватно контактиран. Говорам за зголемувањето од 10% на 30% при планирањето на основниот буџет на општината, од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција", потенцираше Шилегов.

## Препорака на Генералното собрание за имплементирање на „Отворени финансии" и во локалната власт

На седницата беа поканети и претставници од Министерството за финансии кои го презентираа порталот „Отворени финансии" и укажа на можноста за електронско евидентирање на сите исплати кон физички и правни лица, поголем степен на транспарентност и увид и генерирање на извештаи за тоа како се трошат буџетските средства на општините. Порталот содржи информации за тоа кој е плаќач, кој е примач на средствата, со можност за пребарување по многу основи, како на пример директно пребарување по име, по вид на трошок, по ЕДБ итн. Беше прикажана и можноста за приказ на реализацијата на буџетот по месеци, како агрегирани податоци кои прикажуваат која институција, по која програма и ставка ја реализирала соодветната исплата. Системот има можност за добивање информации за најголемите приматели и даватели на средства за дадениот месец, како и статистички податоци за тоа кои субјекти се најголеми плаќачи. Системот нема можност да анализира лични податоци, заради што секоја трансакција ја брои посебно иако станува збор за ист субјект, што треба да се има предвид при анализа на прегледите. Податоците може понатаму да се преземат во „CSV" формат заради дополнителна обработка. Системот има опција за истражувачка аналитика, кога може да се преземе и графикот кој има опција за детален преглед, со информација за тоа кој субјект и од која институција добил парични средства. Генералното собрание донесе препорака локалните власти да ја имплементираа оваа алатка, со цел обезбедување на поголемо транспарентно работење во делот на трошењето на средствата од Буџетот на општината.

të bëjnë me zbatimin e kompetencave të pushtetit lokal. Ai theksoi edhe shembuj konkretë, siç ishte propozimi për miratimin e Ligjit për arsimin fillor, pastaj propozimi i paradokohshëm për miratimin e Ligjit për tokën ndërtimore, si dhe metodologjia për bllok-dotacionet në sferën e kopshteve të fëmijëve, kur e njëjta së pari hyri në procedurë qeveritare, e pastaj u dërgua për shqyrtim para Komisionit për ndjekjen e sistemit të financimit të vetëqeverisjes lokale.

"Madje kemi edhe raste kur pushteti qendror ndërmerr edhe disa ndoshta hapa të dobishëm për ne, e ne përsëri nuk jemi as të konsultuar, e as që BNJVL-ja është kontaktuar në mënyrë adekuate. Po flas për rritjen nga 10% në 30% gjatë planifikimit të buxhetit themelor të komunës, nga të ardhurat e realizuara mesatare në tri vitet e fundit, sipas të dhënave të evidencës së trezorit", theksoi Shilegov.

## Rekomandim i Kuvendit gjeneral për implementimin e veglës "Financat e hapura" edhe në pushtetin lokal

Në seancë u ftuan edhe përfaqësues të Ministrisë së Financave, të cilët prezantuan portalin "Financat e hapura" dhe theksuan mundësinë për evidentim elektronik të të gjitha pagesave ndaj personave fizikë dhe juridikë, shkallën më të madhe të transparencës dhe pasqyrën dhe gjenerimin e raporteve për atë se si harxhohen mjetet buxhetore të komunave. Portali përmban informacione për atë se kush është paguesi, kush është pranuesi i mjeteve, me mundësi për të kërkuar në shumë baza, si për shembull kërkim i drejtpërdrejtë sipas emrit, llojit të harxhimit, numrit unik tatimor etj. U prezantua edhe mundësia për të treguar realizimi i buxhetit nëpër muaj, si të dhëna të grumbulluara të cilat tregojnë se cili institucion, sipas cilit program dhe cilës shkalle realizojnë pagesën përkatëse. Sistemi ka mundësi për të dhënë informacione për pranuesit dhe dhënësit më të mëdhenj të mjeteve për muajin e kërkuar, si dhe të dhëna statistikore për atë se cilat subjekte janë paguesit më të mëdhenj. Sistemi nuk ka mundësi të analizojë të dhëna personale dhe për këtë shkak numëron secilin transaksion veç e veç, edhe pse bëhet fjalë për të njëjtin subjekt që duhet të merret parasysh gjatë analizës së pasqyrave. Të dhënat pastaj mund të shkarkohen në formatin "CSV" për shkak të përpunimit shtesë. Sistemi ka opsion për analitikë hulumtuese, kur mund të shkarkohet edhe grafiku i cili ka opsion për pasqyrë të detajuar me informacion për atë se cili subjekt dhe nga cili institucion ka marrë mjete financiare. Kuvendi gjeneral u rekomandoi autoriteteve lokale ta implementojnë këtë vegël me qëllim të sigurojnë një punë më transparente në pjesën e shpenzimit të mjeteve të buxhetit të komunës.



## ЧЛЕНОВИТЕ НА МРЕЖАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ПРИ ЗЕЛС ПРОСЛЕДИЈА НЕКОЛКУ ОБУКИ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА СВОЕТО СЕКОЈДНЕВНО РАБОТЕЊЕ

Претставниците од локалната власт (советници, соработници и инспектори) кои се членови на Мрежата за животна средина при ЗЕЛС, во текот на месец декември, имаа можност да проследат неколку обуки кои опфаќаат важни области од делокругот на нивното секојдневно работење во областа на животната средина. Обуките беа организирани во согласност со Годишната програма на ЗЕЛС за обуки на општинската администрација. Обуките ги организираше Тренинг центарот на ЗЕЛС.

На 03 декември, 2019 година беше реализирана обука за примена на законската рамка за постапување по елаборати во животната средина. Претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање пред присутните ги презентираа законските прописи и постапката за одобрување на елаборати за животна средина.

Законските прописи од делот на водите; користењето, испуштањето и заштитата на водите, како и надоместоците за користење на вода и за испуштање на вода беа теми за дискусија на претставниците од локалната власт со надлежните лица од Министерството за животна средина и просторно планирање на втората обука што се одржа на 04 декември, 2019 година, во ЗЕЛС тренинг центарот.

Третата обука беше организира во 20 декември, 2019 година а, се однесуваше на постапката за издавање на Б-ИСКЗ дозвола и за надоместоците за поседување на Г- интегрирана еколошка дозвола. Оваа обука ја реализираше тим од Секторот за индустриско загадување и управување со ризици од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## ANËTARËT E RRJETIT TË MJEDISIT JETËSOR TË BNJVL-SË NDOQËN DISA TRAJNIME NGA FUSHËVEPRIMI I PUNËS SË TYRE TË PËRDITSHME

Përfaqësuesit e pushtetit lokal (këshilltarë, bashkëpunëtorë dhe inspektorë) që janë anëtarë të Rrjetit të mjedisit jetësor të BNJVL-së, gjatë muajit dhjetor patën mundësinë të ndjekin disa trajnime të cilat përfshinë sfera të rëndësishme të fushëveprimit të punës së tyre të përditshme në sferën e mjedisit jetësor. Trajnimet u organizuan në përputhje me programin vjetor të BNJVL-së për trajnimin e administratës komunale. Trajnimet i organizoi Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së.

Më 03 dhjetor 2019 u realizua trajnimi për zbatimin e kornizës ligjore për procedimin e elaborateve në sferën e mjedisit jetësor. Përfaqësues nga Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor prezantuan para të pranishmëve rregullat ligjore dhe procedurën e miratimit të elaborateve të mjedisit jetësor.

Rregullat ligjore në sferën e ujërave; përdorimi, lëshimi dhe mbrojtja e ujërave, si dhe kompensimet për përdorimin e ujit dhe për lëshimin e ujit ishin temat e diskutimit të përfaqësuesve të pushtetit lokal me personat kompetentë të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor në trajnimin e dytë që u mbajt më 04 dhjetor 2019, në Qendrën e Trajnimeve të BNJVL-së.

Trajnimi i tretë u organizua më 20 dhjetor 2019 dhe kishte të bënte me procedurën e lëshimit të lejeve B-ISKZ (parandalimi i integruar dhe kontrolli i ndotjes) dhe kompensimet për posedimin e G-lejes së integruar ekologjike. Këtë trajnim e realizoi një ekip nga Sektori i ndotjes industriale dhe menaxhimit të rreziqeve të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor.









# ДЕЛЕГАТИТЕ НА ЗКК ВО СКОПЈЕ ДИСКУТИРАА ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Të pranishmit u informuan edhe për rezultatet e anketës së UNDP-së për kënaqësinë e qytetarëve nga shërbimet që i siguron komuna. U theksua se nga viti 2017 ka tendencë të rritjes së përgjithshme së kënaqësisë nga shërbimet në nivel lokal, ku qytetarët prononcohen se janë më të kënaqur nga cilësia e jetës në komunë. Megjithatë, është detektuar një dalim i madh i kënaqësisë midis qytetarëve të mjediseve urbane dhe të atyre rurale, sidomos te shërbimet komunale dhe mbrojtja sociale. Qytetarët shprehin më pak kënaqësi për zhvillimin ekonomik lokal, mbrojtjen sociale dhe mbrojtjen e mjedisit jetësor. Ajo që mund të vërehet është se femrat nuk marrin pjesë në mënyrë të barabartë në procesin e vendimmarrjes nga ana e pushtetit lokal si meshkujt, sidomos në mjediset rurale.

## ДА СЕ ИЗБЕГНУВА ИЗРАБОТКА НА ПРЕАМБИЦИОЗНИ СТРАТЕГИСКИ ПЛАНОВИ- ПРЕПОРАКА ОД ЕКСПЕРТИТЕ ДО ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Повеќе општини во земјава го информираа ЗЕЛС дека нивните повеќегодишните стратегиски планови за локален економски развој се во фаза на истекување. Притоа, тие побараа ЗЕЛС да организира обука преку која уште еднаш ќе се потсетат за чекорите при подготвувањето на овој значаен документ и меѓусебно ќе разменат искуствата за надминување на предизвиците со кои се соочувале при изработката на претходниот стратегиски документ.

Во таа насока, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ), на 18 декември, 2019 година беа поканети претставниците на општинската администрација, од одделенијата за локален економски развој. Експертите од компанијата „СЕГ Холдинг" на присутните им ги пренесоа своите стручни знаења во оваа област, но, исто така, обезбедија на интерактивен и практичен начин да се поминат сите четири фази на стратегиското планирање. Особено ги нагласија најзначајните моменти каде локалната власт треба да посвети поголемо внимание при изработката на документот, со цел да се добие објективно остварлив стратегиски план. Беше посочено дека од особена важност е формирањето на тимот што ќе го изработува планот, нивната посветеност низ целиот процес да обезбедат што поголемо вклучување на целокупната општинска администрација, како и учество на сите засегнати страни: граѓаните, стопанствениците, образованието, невладиниот сектор, невработените и слично....Исто така, укажаа дека секогаш е подобро планот да се изработува за одреден пократок временски период, како што е рок од пет години, отколку тоа да се планови за десет или повеќе години. Експертите ја нагласија важноста и на дефинирање на помалку цели во планот, наспроти изработката на „список на желби", или преамбициозни планови, кои никогаш реално нема да се остварат. Навремено започнување со изработка на нов стратегиски план, најмалку една година пред истекувањето на претходниот е исто така важно, бидејќи ќе обезбеди да се направи добра анализа на сите „пропусти" што биле направени, но и попосветено учество на стопанствениците и другите учесници во целиот процес на планирање.

### Иницијативите за продлабочување на децентрализацијата- важна информација при креирањето на локалните стратегиски политики

Заменик извршната директорка на ЗЕЛС, Ардита Дема Мехмети, на присутните им ги претстави активностите на ЗЕЛС во полето на ЛЕР. Потоа, таа говореше за целите и полезностите на БФЦ програмата за сертификација на општините, а особено внимание посвети на претставувањето на тековните активности



## TË SHMANGET PËRGATITJA E PLANEVE SHUMË AMBICIOZE STRATEGJIKE – REKOMANDIM NGA EKSPERTËT PËR PËRFAQËSUESIT E PUSHTETIT LOKAL

Shumë komuna në vend njoftuan BNJVL-në se planet e tyre strategjike shumëvjeçare për zhvillimin ekonomik lokal janë në fazë të skadimit. Ato gjithashtu kërkuan që BNJVL-ja të organizojë trajnim përmes të cilit do të përkujtohen edhe njëherë për hapat e përgatitjes së këtij dokumenti të rëndësishëm dhe të shkëmbehen përvojat e ndërsjella për të tejkaluar sfidat me të cilat janë ballafaquar gjatë përgatitjes së dokumentit të mëparshëm strategjik.

Në këtë drejtim, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së (QTB), më 18 dhjetor 2019 u ftuan përfaqësuesit e administratës komunale, nga departamentet për zhvillimin ekonomik lokal. Ekspertët nga kompania "SEG Holding" ua transferuan të pranishmëve njohuritë e tyre profesionale në këtë sferë, por gjithashtu mundësuan që të kalohen në mënyrë interaktive dhe praktike të gjitha katër fazat e planifikimit strategjik. Ata theksuan sidomos momentet më të rëndësishme se ku duhet pushteti lokal të kushtojë vëmendje më të madhe gjatë përgatitjes së dokumentit, me qëllim që të fitohet një plan strategjik i cili objektivisht mund të realizohet. U theksua se është shumë i rëndësishëm formimi i ekipit i cili do ta përgatisë planin, përkushtimi i tyre që gjatë gjithë procesit të sigurojnë një përfshirje sa më të madhe të të gjithë administratës komunale, si dhe një pjesëmarrje të të gjitha palëve të përfshira: qytetarët, biznesmenët, arsimi, sektori joqeveritar, të papunësuarit dhe të tjerë. Ata gjithashtu theksuan se çdoherë është më mirë që plani të përgatitet për një periudhë të caktuar më të shkurtër, siç është afati prej pesë vjetësh, sesa ato të jenë plane për dhjetë ose më shumë vite. Ekspertët theksuan edhe rëndësinë e përcaktimit të më pak qëllimeve në plan, kundrejt përgatitjes së "listës së dëshirave" ose planeve shumë ambicioze, të cilat realisht asnjëherë nuk do të realizohen. Fillimi me kohë i përgatitjes së planit të ri strategjik, të paktën një vit para skadimit të planit të mëparshëm është po ashtu i rëndësishëm, sepse do të mundësojë që të bëhet një analizë e mirë e të gjitha "lëshimeve" që janë bërë, por edhe për një pjesëmarrje më të përkushtuar të biznesmenëve dhe pjesëmarrësve të tjerë në të gjithë procesin e planifikimit.

### Iniciativat për thellimin e decentralizimit – informacion i rëndësishëm gjatë krijimit të politikave strategjike lokale

Zëvendës-drejtorja ekzekutive e BNJVL-së, Ardita Dema Mehmeti ua prezantoi të pranishmëve aktivitetet e BNJVL-së në fushën e ZHEL-it. Pastaj, ajo foli për qëllimet dhe përfitimet e programit BFC të certifikimit të komunave dhe i përkushtoi një vëmendje të veçantë prezantimit të aktiviteteve aktuale të



на лобирање на ЗЕЛС за промени во системот на локалната самоуправа и разговорите што се водат со централната власт за проширување на надлежностите на општините. Информациите околу тенденциите за продлабочувањето на процесот на децентрализацијата се од особена важност кога станува збор за создавање на повеќегодишни стратегиски планови на локалната власт. Присутните се интересираа и за подготовката на најновите политики на централната власт во делот на рамномерен регионален развој, повторно ја изнесоа заложбата за исполнување на законската одредба за добивање на средства во висина од најмалку 1% за РРР. Сите овие промени се од огромно значење за правилно стратегиско планирање на локалната економија и целокупниот развој на општината. На обуката покрај објаснување на процесот на стратегиско планирање (профил на општината, проекции за иднината, стратешки насоки и акциски план), работа во групи и практични вежби беа претставени и други алатки. Беше објаснето за „ Управување на повеќе нивоа" (multi-level governance) за начинот за решавање на предизвиците на локалното население, беше претставен „Интегриран организациски модел" (соработка со регионални/локални актери, централна власт, идентификација на економски потенцијали) и институциограм/матрица – за одговорности на локалната власт, во споредба со останатите актери. Присутните посочија дека и покрај нивното досегашно искуство во оваа област, секоја обука обезбедува отворање на еден нов видик, нов правец за уште подобро и поквалитетно спроведување на нивните обврски во општината. Она за што изразија потреба за идна дополнителна обука е -„набљудување", односно квалитетно следење и оценка на реализација на стратегискиот план, како основа за создавање на нови подобри стратегиски планови.

lobimit të BNJVL-së për ndryshime në sistemin e vetëqeverisjes lokale dhe bisedat që zhvillohen me pushtetin qendror për zgjerimin e kompetencave të komunave. Informacionet rreth tendencave për thellimin e procesit të decentralizimit janë shumë të rëndësishme kur bëhet fjalë për krijimin e planeve strategjike shumëvjeçare të pushtetit lokal. Të pranishmit u interesuan edhe për përgatitjen e politikave më të reja të pushtetit qendror në pjesën e zhvillimit të barabartë rajonal, zotimet për plotësimin e dispozitës ligjore për marrjen e mjeteve në vlerë prej 1% për zhvillimi e barabartë rajonal. Të gjitha këto ndryshime janë shumë të rëndësishme për planifikimin e drejtë strategjik të ekonomisë lokale dhe zhvillimit të tërësishëm të komunës. Në trajnim, përveç shpjegimit të procesit të planifikimit strategjik (profili i komunës, projeksionet për të ardhmen, drejtimet strategjike dhe plani aksionar), punës në grupe dhe ushtrimeve praktike, u prezantuan edhe vegla të tjera. U shpjegua "Qeverisja me shumë nivele" (multi-level governance) për mënyrën e zgjidhjes së sfidave të popullatës lokale, u prezantua "Modeli i integruar organizativ" (bashkëpunimi me aktorët rajonalë/lokalë, pushtetin qendror, identifikimi i potencialeve ekonomike) dhe instituciogrami/matrica – për përgjegjësitë e pushtetit lokal në krahasim me aktorët tjerë. Të pranishmit theksuan se krahas përvojës së tyre së deritanishme në këtë sferë, çdo trajnim mundëson hapjen e një perspektive të re, një drejtimi të ri për zbatim edhe më të mirë dhe më cilësor të obligimeve të tyre në komunë. Ajo gjë për të cilën ata shprehën nevojë për një trajnim të ardhshëm shtesë është "monitorimi", gjegjësisht ndjekja cilësore dhe vlerësimi i realizimit të planit strategjik, si bazë për të krijuar plane të reja më të mira strategjike.

## ШЕСТ НОВИ ПРЕДЛОГ-ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАД ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕД ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

## GJASHTË PROJEKT-LIGJE TË REJA NGA SFERA E MENAXHIMIT TË MBETURINAVE U PREZANTUAN PARA PUSHTETIT LOKAL

Шест нови предлог -законски решенија од областа на управувањето со отпад, што ги подготви Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), беа презентирани на 18 декември, 2019 година, во Клубот на пратениците, пред градоначалниците и претставниците од општинската администрација од одделенијата за заштита на животна средина. Станува збор за Предлог -законот за управување со отпад; Предлог- законот за пакување и отпад од пакување; Предлог- законот за електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема; Предлог–закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори; Предлог- законот за дополнителни текови на отпад и Предлог-законот за проширена одговорност на производителите. Јавната расправа ја отвори министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, кој посочи дека целта на законските измени не е само усогласување со европската регулатива туку пред сè, подобрување на животниот стандард на граѓаните, како и зголемување на свеста и одговорноста на правните субјекти со создавањето и управувањето со отпад. –„Тенденцијата е да се намали создавањето на отпад, да се посвети поголемо внимание на негово селектирање, но и на негово искористување во насока на креирање на „зелени" нови вработувања"-рече Нуредини. Тој изрази незадоволство поради малиот одѕив на локалните власти на јавната расправа, на која сепак се разви дебата што беше насочена особено кон обврските што произлегуваат од овие законски решенија за

Gjashtë projekt-ligje të reja nga sfera e menaxhimit të mbeturinave, të cilat i përgatiti Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor (MMJPH) u prezantuan më 18 dhjetor 2019 në Klubin e deputetëve para kryetarëve të komunave dhe përfaqësuesve të administratës komunale nga departamentet për mbrojtjen e mjedisit jetësor. Bëhet fjalë për Projekt-ligjin për menaxhimin e mbeturinave; Projekt-ligjin për paketimin dhe mbeturinat e paketimit; Projekt-ligjin për pajisjet elektrike dhe elektronike dhe mbeturinat e pajisjeve elektrike dhe elektronike; Projekt-ligjin për bateritë dhe akumulatorët dhe mbeturinat e baterive dhe akumulatorëve; Projekt-ligjin për rrjedhat shtesë të mbeturinave dhe Projekt-ligjin për përgjegjësinë e zgjeruar të prodhuesve. Debatin publik e hapi Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Naser Nuredini, i cili theksoi se qëllimi i ndryshimeve ligjore nuk është vetëm harmonizimi me rregulloret evropiane, por, para të gjithash, përmirësimi i standardit të jetës së qytetarëve, si dhe rritja e vetëdijes dhe përgjegjësisë së subjekteve juridike për krijimin dhe menaxhimin e mbeturinave. "Tendenca është që të zvogëlohet krijimi i mbeturinave, t'i përkushtohet më shumë vëmendje selektimit të tyre, por edhe përdorimit të tyre në drejtim të krijimit të punësimeve të reja "të gjelbra" – tha Nuredini. Ai shprehu pakënaqësi për shkak të interesit të vogël të autoriteteve lokale për debatin publik, në të cilin, megjithatë, u zhvillua debat veçanërisht në lidhje me obligimet që dalin nga këto zgjidhje

локалните власти, како и во делот кој се однесува на утврдувањето на висината на цената за управувањето со комуналниот отпад.

Пред присутните се обрати и извршната директорка на ЗЕЛС,Душица Перишиќ, Таа, меѓу другото, реагираше и за кусиот временски рок што МЖСПП им го даде на општините за квалитетно разгледување на предложените законски решенија. – „Од она што успеавме да разгледаме, имам впечаток дека и новите законски мерки повторно имаат тенденција на централизација, а не на децентрализација на постапките, како и утврдување на голем број обврски на локалните власти, без притоа да се обезбедат соодветни финансиски средства за нивно адекватно спроведување", рече Перишиќ.

Претставниците од МЖСПП беа со спротивен став, односно тие потенцираа дека со овие закони се воведуваат одредени олеснувања за општините и дека тие се креирани во насока да обезбедат намалување на оперативните трошоци. Беше посочено дека една од целите на законските измени е обезбедување на законска основа за регионално решавање на прашањето со управувањето со комуналниот отпад во нашата земја. Беше посочено дека во делот на собирање и транспорт на отпадот дадена е поширока можност, освен ЈКП тоа да го прават и приватни претпријатија. Утврдени се нови, попрецизни дефиниции на разни видови на отпад, се предвидува поголема одговорност за правните лица произведувачи на отпад, каде се предвидува воспоставување на оператор или виш управител за управување со отпад, постапки за издавање на лиценци и слично.

**Подготвени седум регионални планови за управување со отпад**

Присутните посочија дека пред речиси две години општините се изјаснија и дозволија на Владата на РСМ да ја презема обврската за воспоставување на регионално управување со отпадот, но дека досега не забележале видливи резултати. Од МЖСПП посочија дека токму со овие законски измени се обезбедува реализација на тој процес, при што беа информирани дека веќе се подготвени седум регионални планови за управување со отпад, усвоени од општините и дека се обезбедени грант- средства за изградба на две депонии за комунален отпад на регионално ниво. Беше посочено дека цената за изградба на депониите е многу висока, но дека се прават напори во следниот период да се обезбедат средства и за останатите региони. Со законските измени се уредени активностите и мерките за регионално управување на отпад, каде се предвидува и организирање на регионален одбор и организациона единица за управување со отпад, а исто така беше посочено дека се регулира и евидентирањето на видот, количината, потеклото на отпадот и слично.



ligjore për autoritetet lokale, si dhe në lidhje me përcaktimin e lartësisë së çmimit për menaxhimin e mbeturinave komunale.

Para të pranishmëve u drejtua edhe drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila, mes tjerash, reagoi për afatin e shkurtër kohor që MMJPH-ja ua dha komunave për shqyrtim cilësor të zgjidhjeve të propozuara ligjore. - "Nga ajo që arritëm të shqyrtojmë, kam përshtypjen se edhe masat e reja ligjore përsëri kanë tendencën t'i centralizojnë, e jo t'i decentralizojnë procedurat, si dhe të përcaktojnë shumë obligime për autoritetet lokale, pa u siguruar njëkohësisht mjete adekuate financiare për zbatimin e tyre adekuate", tha Perishiq.

Përfaqësuesit e MMJPH-së kishin një qëndrim të kundërt, gjegjësisht ata theksuan se me këto ligje rregullohen lehtësira të caktuara për komunat dhe se ato janë krijuar me qëllim që të sigurojnë zvogëlim të shpenzimeve operative. U theksua se një nga qëllimet e ndryshimeve ligjore është sigurimi i një baze ligjore për zgjidhje rajonale të çështjes së menaxhimit të mbeturinave komunale në vendin tonë. U theksua se në pjesën e grumbullimit dhe transportit të mbeturinave, jepet një mundësi më e gjerë që përveç ndërmarrjeve publike komunale, këtë punë ta kryejnë edhe ndërmarrje private. Janë përcaktuar definicione të reja më të sakta të llojeve të ndryshme të mbeturinave, të cilat parashikojnë një përgjegjësi më të madhe të personave juridikë prodhues të mbeturinave, ku parashihet vendosja e një operatori ose një udhëheqësi të lartë për menaxhim të mbeturinave, procedura dhe lëshim të licencave etj.

**Janë përgatitur shtatë plane rajonale për menaxhim të mbeturinave**

Të pranishmit theksuan se para pothuajse dy vitesh, komunat u pajtuan dhe lejuan Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut ta ndërmarrë obligimin e vendosjes së menaxhimit rajonal të mbeturinave, por se deri më tani nuk kanë vërejtur rezultate të dukshme. Nga MMJPH-ja theksuan se pikërisht me këto ndryshime ligjore sigurohet realizimi i atij procesi, kështu që u informuan se tashmë janë përgatitur shtatë plane rajonale për menaxhim të mbeturinave, të miratuara nga ana e komunave dhe se janë siguruar grant-mjete për ndërtimin e dy deponive të mbeturinave komunale në nivel rajonal. U theksua se çmimi për ndërtimin e deponive është shumë i lartë, por se po bëhen përpjekje që në periudhën e ardhshme të sigurohen mjete edhe për rajonet e tjera. Me ndryshimet ligjore rregullohen aktivitetet dhe masat për menaxhim rajonal të mbeturinave, ku parashihet edhe organizimi i një këshilli rajonal dhe një njësie rajonale për menaxhim të mbeturinave, e gjithashtu u theksua se rregullohet edhe evidentimi i llojit, sasisë, prejardhjes së mbeturinave dhe e ngjashme.



### Реакции за новите предлог –решенија околу утврдувањето на висината на цената за управување со отпадот

Претставниците од локалната власт остро реагираа, бидејќи е предвидено висината на цената за управување со комуналниот отпад да ја утврдува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, посочувајќи дека со тоа оваа надлежност му се одзема на Советот на општината. Присутните, исто така, предупредија дека регионалното управување со отпад, во сите плански региони, може да доведе до утврдување на многу висок надоместок за граѓаните при добивањето на оваа услуга. Ги запрашаа претставниците од МЖСПП дали во направените експертски анализи е земен предвид овој многу важен момент кој треба да претставува значајна основа во градењето на политики за утврдувањето на регионални депонии. Претставниците од локалната власт изразија загриженост доколку дојде до евентуалното зголемување на цената на оваа услуга, бидејќи своето незадоволство граѓаните првенствено го насочуваат кон локалната власт.

## МЛАДИНСКИ ЛОКАЛНИ СОВЕТИ ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАНИ ВО ДВЕ ТРЕТИНИ ОД ОПШТИНИТЕ

-„Општините реализираат разновидни активности за поддршка на својата младина и најчесто тоа го спроведуваат преку самите средни училишта кои се во надлежност на општините. Поддржуваат талентирани ученици, спортисти, реализираат активности за младите во областа на културата, но, исто така, се залагаат и за нивно поактивно вклучување и во јавни расправи и дебати кои се однесуваат на сите прашања од локално значење. Од пред десетина години општините започнаа со институционализација на нова форма на организирање на младите-„Локален младински совет (МЛС)". Општинските советници во повеќе од 2/3 од општините донесоа одлуки за формирање на младински совети, направени се измени во општинските статути, објавени се конкурси за пријавување на членови, донесени се деловници за работа на овие тела и програми, по што беа формирани вкупно 63 ЛМС". Ова го истакна Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС на конференцијата за социјално –политичко учество на младите „Апатија, оптимизам или разочараност", што се одржа на 18 декември, 2019 година во хотелот „Холидеј ин" во Скопје, во организација на Фондацијата за демократија на Вестминстер и Младински образовен форум.

### Апел до младите за поголемо учество во креирањето на социо-политичкиот живот во нивната општина

На конференцијата, извршната директорка Перишиќ посочи дека според последните информации што ЗЕЛС ги доби од општините, утврдена е голема шареноликост во функционалноста на овие младински совети. Некои младински совети функционираат активно во континуитет, како на пример во општините: Берово, Велес, Македонска Каменица, Штип и други. За некои совети, во тек се постапките за утврдување на нов состав, поради истечен мандат на членовите. Она што остави голем впечаток од изјаснувањето на општините, посочи Перишиќ, е што младите сè помалку се пријавуваат на јавниот повик од општината, односно не сакаат да бидат членови на овој совет. Според Перишиќ, тоа говори дека е потребна поголема меѓусебна соработка од двете страни, обезбедување на услови од страна на општината, но и желба кај

### Reagime për projekt-ligjet e reja rreth përcaktimit të lartësisë së çmimit për menaxhim të mbeturinave

Përfaqësuesit e pushtetit lokal reaguan ashpër sepse me këto zgjidhje ligjore parashihet që lartësinë e çmimit të menaxhimit të mbeturinave komunale ta caktojë Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe Shërbimeve Yjore i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke theksuar se në këtë mënyrë i merret kjo kompetencë Këshillit të komunës. Të pranishmit po ashtu paralajmëruan se menaxhimi rajonal i mbeturinave, në të gjitha rajonet planifikuese, mund të çoje deri te përcaktimi i një kompensimi shumë të lartë për qytetarët gjatë marrjes së këtij shërbimi. Ata pyetën përfaqësuesit e MMJPH-së nëse në analizat e bëra të ekspertëve është marrë në konsideratë ky moment shumë i rëndësishëm i cili duhet të jetë një bazë e rëndësishme për ndërtimin e politikave të përcaktimit të deponive rajonale. Përfaqësuesit e pushtetit lokal shprehën shqetësim nëse rritet eventualisht çmimi i këtij shërbimi, sepse qytetarët fillimisht shprehin pakënaqësinë e tyre ndaj pushtetit lokal.

## KËSHILLAT LOKALË RINORË JANË INSTITUCIONALIZUAR NË DY TË TRETAT E KOMUNAVE

- "Komunat realizojnë aktivitete të ndryshme për ta përkrahur rininë e tyre dhe më së shpeshti e zbatojnë atë përmes shkollave të mesme që janë në kompetencën e tyre. Ato përkrahin nxënës, sportistë të talentuar, realizojnë aktivitete për të rinjtë në sferën e kulturës, por gjithashtu angazhohen edhe për përfshirjen e tyre më aktive në debatet dhe diskutimet publike që kanë të bëjnë me të gjitha çështjet e rëndësisë lokale. Dhjetë vjet më parë, komunat filluan me institucionalizimin e një forme të re të organizimit të të rinjve – "Këshilli lokal rinor (KLR)". Këshilltarët komunal në më shumë se dy të tretat e komunave morën vendime për të formuar këshilla rinorë, janë bërë ndryshime në statutet komunale, janë publikuar konkurse për paraqitje të anëtarëve, janë miratuar rregullore të punës dhe programe të këtyre trupave dhe u formuan gjithsej 63 këshilla lokalë rinorë". Këtë e theksoi Dushica Perishiq, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së në konferencën për pjesëmarrjen socio-politike të të rinjve "Apatia, optimizmi ose dëshpërimi", që u mbajt më 18 dhjetor 2019 në hotelin "Holidej In" në Shkup, në organizim të Fondacionit për Demokraci të Vestminsterit dhe Forumit Arsimor Rinor.

### Apel për të rinjtë për pjesëmarrje më të madhe në krijimin e jetës socio-politike në komunën e tyre

Në konferencë, drejtoresha ekzekutive Perishiq theksoi se sipas informacioneve të fundit që i mori BNJVL-ja nga komunat, është konstatuar një llojllojshmëri e madhe në funksionimin e këtyre këshillave rinorë. Disa këshilla rinorë funksionojnë në mënyrë aktive në vazhdimësi, si për shembull në komunat: Berovë, Veles, Makedonska Kamenicë dhe në komuna të tjera. Për disa këshilla, në procedurë janë procedurat për përcaktimin e përbërjes së re për shkak të mandatit të skaduar të anëtarëve. Ajo që la një përshtypje të madhe nga prononcimet e komunave, theksoi Perishiq, është se të rinjtë gjithnjë e më pak paraqiten në thirrjen publike të komunës, gjegjësisht ata nuk duan të jenë anëtarë të këtij këshilli. Sipas drejtoreshës Perishiq, kjo flet se ka nevojë për një bashkëpunim më të madh të ndërsjellë nga të dyja anët, sigurim të kushteve nga ana e komunës, por edhe dëshirë te të rinjtë për përfshirje

младите за поактивно вклучување во социо-политичкиот живот во нивната општина. Притоа, директорката на ЗЕЛС апелираше до младите, присутни на овој настан, да вршат поголем притисок до локалната власт за остварување на своите барања и потреби, да се проактивни со свои предлози и идеи за сè што сметаат дека ќе доведе до подобар живот не само на младите, туку на сите граѓани.

На конференцијата присуствуваше и министерот за образование, Арбер Адеми, претставник од Клубот за младински прашања при Собранието на РСМ, од Агенцијата за млади и спорт, од Агенција за аудио и визуелни медиумски услуги, како и голем број млади средношколци и претставници од невладини организации. Забелешките на младите најмногу беа насочени кон потребата за подобар образовен процес, обезбедување на разновидни форми за вклучување на „гласот" на младите во институции и при креирање на одлуки и политики, подобра економска состојба во земјава за да престане масовното иселување, но и деполитизација во сите сегменти од општественото живеење.

### 71% од младите признаваат дека никогаш не биле општествено активни

На конференцијата беа изнесени и резултатите од студијата на Вестминстер фондацијата - „Апатија, оптимизам или разочараност", каде меѓу другото беше посочено дека 85 отсто од младите се жалат дека никогаш не биле консултирани од централната или локалната власт; осум од десет млади луѓе сметаат дека државата воопшто не е заинтересирана и не се грижи за нив, а истовремено, пак, 71 отсто признаваат дека никогаш не биле општествено активни, односно само 7 отсто презеле нешто за да решат некој специфичен општествен проблем.

më aktive në jetën socio-politike në komunën e tyre. Drejtoresha e BNJVL-së njëkohësisht u bëri apel të rinjve, që ishin prezentë në këtë ngjarje, t'i bëjnë një presion më të madh pushtetit lokal për t'i realizuar kërkesat dhe nevojat e tyre, që të jenë më aktivë me propozimet dhe idetë e tyre për të gjitha gjërat për të cilat mendojnë se do të kontribuojnë për një jetë më të mirë jo vetëm të të rinjve, por edhe të të gjithë qytetarëve.

Në konferencë mori pjesë edhe Ministri i Arsimit, Arbër Ademi, një përfaqësues nga Klubi i çështjeve rinore i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, nga Agjencia e të rinjve dhe sportit, nga Agjencia e shërbimeve audio dhe vizuale mediale, si dhe shumë nxënës të shkollave të mesme dhe përfaqësues të organizatave joqeveritare. Vërejtjet e të rinjve ishin përqendruar më së shumti në nevojën për një proces më të mirë arsimor, sigurimin e formave të ndryshme të përfshirjes së "zërit" të të rinjve në institucione dhe për krijimin e vendimeve dhe politikave, për një situatë më të mirë ekonomike në vend, me qëllim që të ndalohet emigrimi masiv, por edhe depolitizimi në të gjitha segmentet e jetës shoqërore.

### 71% e të rinjve pranojnë se asnjëherë nuk ka qenë aktivë në shoqëri

Në konferencë u prezantuan edhe rezultatet e studimit të Fondacionit Vestminster – "Apatia, optimizmi ose dëshpërimi", ku mes tjerash u tha se 85 për qind e të rinjve ankohen se asnjëherë nuk janë konsultuar nga pushteti qendror ose lokal; tetë nga dhjetë njerëz të rinj konsiderojnë se shteti fare nuk interesohet dhe nuk kujdeset për ta, ndërsa në të njëjtën kohë 71 për qind e tyre pranojnë se asnjëherë nuk kanë qenë aktivë në shoqëri, gjegjësisht vetëm 7 për qind e tyre kanë ndërmarrë diçka për të zgjedhur ndonjë problem specifik shoqëror.

## ЗЕЛС ЗАПОЧНА СО ОБУКА НА ТИМОТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА НАТАМОШНО ОДРЖУВАЊЕ НА БФЦ ЈИЕ СЕРТИФИКАТОТ

Градот Скопје, по истекот на две години од добивањето на сертификатот за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ), се пријави на јавниот повик што го објавија ЗЕЛС и Сојузот на стопански комори (Национален технички секретаријата) да изврши ресертификација. Тоа значи дека Град Скопје одлучи и понатаму да го задржи епитетот „Град со поволно деловно опкружување", односно дека стратешки е определен да го унапредува својот деловен амбиент, да привлекува инвестиции и да го поттикнува развојот на локалната економија. БФЦ ЈИЕ сертификатот всушност претставува своевидна гаранција за постојните стопанственици и за потенцијалните инвеститори дека од локалната администрација ќе добијат услуги и информации на начин што ќе го олеснат нивното деловно работење. Во таа насока, на 25 декември, 2019 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, петнаесетчлениот тим на Град Скопје проследи обука за спроведувањето на целиот процес на ресертификација. Тимот за сертификација претставува многу важен сегмент за успешно ресертифицирање, а треба да го сочинуваат претставници од секторот за локален економски развој, потоа службеници кои работат на промотивни активности, кои се занимаваат со интернет страницата, службеници од областа на финансии, на урбанизам, капитални инвестиции, комунални дејности и друго. Пред присутните беше посочено која и каква документација градот

## BNJVL-ja FILLOI TRAJNIMIN E EKIPIT TË QYTETIT TË SHKUPIT PËR FITIMIN E SERISHËM TË CERTIFIKATËS BFC EJL

Qyteti i Shkupit, pas skadimit të dy viteve nga marrja e certifikatës për ambient të volitshëm afarist në Evropën Juglindore (BFC EJL), u paraqit në thirrjen publike që e publikuan BNJVL-ja dhe Lidhja e Odave Ekonomike (Sekretariati Nacional Teknik) për të bërë ricertifikim. Kjo do të thotë se Qyteti i Shkupit ka vendosur ta mbante edhe më tej epitetin "Qytet me ambient të volitshëm afarist", gjegjësisht se strategjia e tij është orientuar kah avancimi i ambientit të tij afarist, tërheqja e investimeve dhe nxitja e zhvillimit të ekonomisë lokale. Certifikata BFC EJL në fakt është një garanci për biznesmenët ekzistues dhe për investitorët potencialë se do të fitojnë nga administrata lokale shërbime dhe informacione të cilat do të lehtësojnë punën e tyre afariste. Në këtë drejtim, më 25 dhjetor 2019, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, ekipi i Qytetit të Shkupit, i përbërë nga pesëmbëdhjetë anëtarë, ndoqi trajnim për zbatimin e gjithë procesit të ricertifikimit. Ekipi i ricertifikimit është një segment shumë i rëndësishëm për ricertifikim të suksesshëm dhe ai duhet të përbëhet nga përfaqësues të sektorit për zhvillim ekonomik lokal, pastaj nëpunës të cilët punojnë me aktivitete promovuese, të cilët me faqen e internetit, nëpunës nga sfera e financave, urbanizmit, investimeve kapitale, veprimtarive komunale etj. Para të pranishmëve u theksua se cilin dokumentacion duhet ta sigurojë Qyteti në përputhje me kushteve të parapara për



требадаобезбедивосогласностсоутврденитеусловизаисполнување на стандардите за ресертификација, утврдени во 10 критериуми и 68 поткритериуми. Во рамки на Програмата за сертификација се дефинирани три  фази низ кои локалната самоуправа  треба да помине: 1.Пристапување кон процес на сертификација 2.Процес на сертификација и 3. Надзорна проверка,  што се реализираат за период од 9 месеци.  Процесот на документирање на доказите се врши електронски, преку БФЦ ЈИЕ платформата (www.bfc-see.org). На присутните им беше посочено дека особено треба да се внимава на оние поткритериуми кои имаат статус на „задолжителни", бидејќи доколку не бидат исполнети, не може да се освојат бодови по дадениот критериум. Потоа, поединечно беа разработени сите десет критериуми што треба да ги исполни локалната власт. Единицата на локална самоуправа треба да има важечка Стратегија за локален развој, усвоена од Советот на општината, во чија изработка учествувале барем 30% од претставниците на стопанството, меѓу кои би требало да бидат вклучени претставници барем на една од 10-те најголеми локални компании. Потребно е градот да има организациска единица задолжена за локален економски развој (ЛЕР), при што се оценува нејзиното активно работење, а не формалното постоење. Понатаму, постоењето на советодавно тело –„Економски совет", во кое најмалку 50% од членовите се од деловната заедница и кое одржува најмалку три пати годишно состаноци за кои постојат евидентирани записници, претставува одреден показател за воспоставена соработката на локалната власт со бизнис заедницата. Се дискутираше и за останатите критериуми, меѓу кои за: Постоењето на аналитичка основа за поддршка на локална деловна заедница и привлекување инвестиции; Активности за промоција на вложувања и квалитет на деловниот амбиент во градот; Предвидливост на трошоците на работење и одговорно управување со финансиите; Следење на динамиката на локалниот пазар на трудот и активен однос кон утврдената состојба и потребите. Процесот на ресертификација на Град Скопје ќе започне на почетокот на следната 2020 година.

t'i përmbushur standardet e ricertifikimit, të përcaktuara në 10 kritere dhe 68 nënkritere. Në kuadër të Programit të certifikimit janë definuar tri faza nëpër të cilat duhet të kalojë vetëqeverisja lokale: 1. Qasja kah procesi i certifikimit; 2. Procesi i certifikimit; 3. Kontrolli mbikëqyrës, që realizohen për periudhë prej nëntë muajsh. Procesi i dokumentimit të provave kryhet në mënyrë elektronike, përmes platformës BFC EJL (www.bfc-see.org). Të pranishmëve u është theksuar se vëmendje të veçantë duhet t'u përkushtohet këtyre nënkritereve të cilat kanë statusin e "nënkritereve të domosdoshme" sepse nëse nuk përmbushen ato, atëherë nuk mund të merren pika për kriterin e caktuar. Pastaj, u shpjeguan veç e veç të gjitha dhjetë kritere që duhet t'i përmbushë pushteti lokal. Njësia e vetëqeverisjes lokale duhet të ketë një Strategji të vlefshme të zhvillimit lokal, të miratuar nga Këshilli i komunës, në përgatitjen e së cilës kanë marrë pjesë të paktën 30% e përfaqësuesve të ekonomisë, ndër të cilët do të duhej të përfshiheshin përfaqësues të së pakut një nga 10 kompanitë më të mëdha lokale. Qyteti duhet të ketë një njësi organizative përgjegjëse për zhvillimin ekonomik lokal (ZHEL), kështu që vlerësohet puna e saj aktive, e jo ekzistimi i saj formal. Pastaj, ekzistimi i një trupi këshillëdhënës "Këshill ekonomik", në të cilin së paku 50% e anëtarëve janë nga komuniteti i biznesit dhe i cili mban takime të paktën tri herë në vit për të cilat ekzistojnë procesverbale të evidentuara, është një tregues i caktuar për bashkëpunimin e vendosur të pushtetit lokal me komunitetin e biznesit. U diskutua edhe për kriteret e tjera, ndër të cilat për: ekzistimin e një baze analitike për mbështetjen e komunitetit lokal të biznesit dhe tërheqjen e investimeve; Aktivitetet për promovimin e investimeve dhe cilësinë e ambientit të biznesit në qytet; Parashikueshmërinë e shpenzimeve të operimit dhe menaxhimin e përgjegjshëm të financave; Ndjekjen e dinamikës së tregut lokal të punës dhe qëndrimin aktiv ndaj gjendjes dhe nevojave të konstatuara. Procesi i ricertifikimit të Qytetit të Shkupit do të fillojë në fillim të vitit të ardhshëm 2020.



ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk